До
Национална организација
„Слоу Фуд Македонија“

БАРАЊЕ

за основање на конвивиум

Ние, долу потпишаните,
Здружени околу заедничка цел, се идентификуваме со филозофијата на Слоу Фуд за „добра, чиста и правична храна“ за сите. Таа за нас претставува заедничка визија за подобрување на животот на сите, преку заштита на биодиверзитетот и животната средина, зачувување на гастрономската култура и традициите поврзани со храна, поддршка на малите производители и градење на врски во локалната средина.

Затоа, сите здружени ја изразуваме нашата подготвеност, да се организираме како конвивиум, да се приклучиме кон мрежата на Слу Фуд Македонија. Ги прифаќаме, ќе ги почитуваме и промовираме принципите на економски и социјален модел во хармонија со достоинството на луѓето, социјалната правда и почит кон животната средина. Принципите содржани во „Манифестот на Слоу Фуд“ и „Декларацијата Нашата храна, наша иднина“, ќе ги прилагодиме на нашите индивидуални и колективни активности.

Свесни дека промената започнува од секого од нас, во нашиот секојдневен живот и дека не може да има вистинска свест без знаење и разбирање, се обврзуваме да бидеме информирани граѓани, да ја промовираме културата на храна, да воспоставиме директна врска со оние кои ја обработуваат земјата и ја произведуваат нашата храна и да дејствуваме како амбасадори и носители на вредностите на храната кои Слоу Фуд ги трансформира во реалност и ги промовира.

Водени од овие причини и со овие цели, ние кои ја сочинуваме заедницата која го поднесува ова барање.

Со почит,
Основачки одбор на XXXXXXX

2.Потенцијал и капацитети на групата и заедницата

Нашата иницијатива ќе биде посветена и ќе придонесе во обезбедувањето на „добра, чиста и правична" храна, како конвивиум, кој ќе биде дел од Слоу Фуд.

Најпрво преку утврдување на нашиот потенцијал и градење на капацитетите на нашата група, со посветена работа и делување во нашата средина со поддршка на националната и меѓународната организација.

Размислувајте заедно, нека ве води овој формулар низ процесот и сите предлози ставете ги во него.

1.	**Конвивиум и членство**
1.1.	**Раководство - иницијатори** [тим на конвиивумот, имиња и нивна пфоресија, како ќе биде конвивиумот раководен...]
1.2.	**Членство** [како ќе се анимира членство, број на влучени и активни членови во следните години...]
1.3.	**Волонтери и активисти** [како ќе се анимират волонтери и активисти меѓу членовите, начини на вклучување на локалната заедница број на влучени и активни членови во следните години...]
2.	**Производи и производители**
2.1.	**Мапирање на производи за Арка на вкусови** [колку производи би се мапирале, наброете примери...]
2.2.	**Развивање на проекти за Президиуми** [дали има одреден производ, негови производители и поддршка за развој на президиум...]
2.3.	**Алијанса на готвачи** [предлози за готвачи кои би се вклучиле во Алијансата...]
2.4.	**Локални ресторани и туристичка понуда** [ресторани во кои би се одржувале настани на конвивиумот, кои би ви дале поддршка, подоцна би се вклучиле ...]
2.5.	**Пазари на фармери** [поддршка и можност за организирање на Пазар на фармери...]
3.	**Едукативни активности**

3.1.	**Едукативни работилници во основни училишта** [Основни училишта во локалната средина, заинтересирани за едукативни работилници...]
3.2.	**Развој на проекти за училишни градини** [заинтересирани училишта за воведување на проектот, кампањата и наставната програма на Училиќни градини, локална поддршка, обезбедени ресурси и волонтери...]
3.3.	**Едукативни дегустации и предавања за возрасни** [соработка со локални производители, вклучување на членовите, организација на дегустации...]
3.4.	**Мастер курсеви** [воведување на Мастер курсеви во конвивиумот, избор на теми и организација на курсеви ...]
4.	**Настани**
4.1.	**Настани за членовите** [настани посветени на членовите на конвивиумот, вечери, предавања, презентации, дегустации...]
4.2.	**Настани во заедницата (јавни настани)** [организација на локални настани, анимирање на локалната заедница...]
4.3.	**Календар на настани** [креирање на годишна програма на настани, календар со настани]
5.	**Соработка и локални партнерства**
5.1.	Соработка со регионални и локални власти [плански регион, општина, месни заедици]
5.2.	Соработка со инсититуции [Дом на култура, универзитет, училиште]
5.3.	**Соработка со други локални организации** [НВО од локалната средина, сродни организации, градење на коалиции...]
5.4.	**Меморандум за соработка?** [со кои институции и субјекти имате можност да соработувате, набројте ги...]
5.5.	**Можност за донации и грантови?**

	[можности коии се на располагање: поддршка на општина за НВО, Плански регион, спонзорства од приватни донатори...]
6.	**Комуникации и медиуми**
6.1.	**Соработка со локални медиуми** [да се наведе кои медиими постојат, дали се достапни и нивни конакти...]
6.2.	**Уредување на блог** [познавање на работа на wordpress платформа, пишување на текстови...]
6.3.	**Социјални медиуми** [развој на страници, задолжени лица за управување на профилите...]

3.Поддршка од националната организација

Во развојот на новиот конвивиум и реализацијата на нашите активности потребна ни е поддршка од националната и меѓународната организација.
Тоа значи хармонична соработка со други слични групи или групи инспирирани од истите цели, особено другите заедници на Слоу Фуд, конвивиумите и президиумите во нашата земја, бидејќи веруваме во тоа дека споделувањето на информации, знаење и дејствување е пат кој треба да го следиме за да го подобриме нашето постоење и делување во локалната средина.

Поради оваа причина, се залагаме да бидеме поврзани, вклучени, отворени, транспарентни и демократски, за што ни е потребна поддршка во следните области:

Градење на капацитети...
[интерно зајакнување на структурата и управувањето преку тренинзи, презентации, работилници]

Волонтерство и активизам...
[активности за поттикнување на волонтеризмот и активизмот, тренинзи за членовите, водичи на овие теми]

Градење на врски во локалната заедница...
[тренинзи и работилници, водич за градење на врските во локалната заедница поврзана со храната]

Работа на теренски истражувања...
[тренинзи за мапирање на производи, подготовка на апликации за Арка на вкусови, состаноци и презентации пред производителите на иден президиум, презентација на Алијанса на готвачи...]

Едукативни проекти...
[Учество на семинари на членови, активисти и наставници, презентација на кампањата и концептот на Училишни градини]

Локални настани...
[Поддршка во организација на настани, промоција]

Прибирање на фондови...
[Насоки за организирање на донаторски настани, барања за спонзорства, грантови од општина, апликации на проекти]

Комуникација со медиуми...
[Воспоставување на контакти и соработка со медиуми, достава на кит за новинари, тренинзи за новинари, работилници за подготовка на информативни материјали]

Водење на блогови, социјални мрежи...
[воспоставување на блог и едукација за негово уредување, уредување на профили и страници на социјални медиуми]

Реализација на активности на локални ниво од национални и меѓународни кампањи...
[координација, пренос на информации, приклучување и придонес во кампањата]

Вклучување (учество) на локални членови, активисти во национални и меѓународни настани...
[потреба од вклучување, придобивки, поврзување и пренесување на искуства]

Останати потреби...
[наведете ги останатите потреби, но не се споменати претходно]

4.Основачки одбор

НИЕ го потпишуваме ова Барање за отпочнување на постапката за основање на новиот конвивиум, бидејќи се согласуваме со вредностите на Слоу Фуд и се чувствуваме дел од него и се обврзуваме да земеме активно учество во делувањето на Слоу Фуд:

1. ----------
2. ----------
3. ----------
4. ----------
5. ----------
6. ----------
7. ----------
8. ----------
9. ----------
10. ----------

дд.мм гггг година

место